**_ОПШТИНА КАРПОШ_**
**_СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ_**
**_Одделение за урбанистичка и градежна инспекција_**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

ИП1Број: 64 – 152
Датум: 15.06.2023 год.
Ознака на дневник : 47

Сектор инспекторат на Општина Карпош преку лиценциран општински градежен инспектор Душко Андонов со службена легитимација број 79–0003, изврши вонреден инспекциски надзор кај инвеститорот НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР и со Записник за извршен вонреден инспекциски надзор со ИП1бр. 64 – 152 од 15.06.2023 година, ја утвди фактичката состојба и врз основа на член 135 став 1 алинеја 3 од Законот за градење („Службен весник на РМ " бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 18/20 и 279/.20), и член 83 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РМ" бр. 102/2019), го донесе следното :

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ НАРЕДУВА НА ИНВЕСТИТОРОТ** НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР, да ги **ОТСТРАНИ НЕДОСТАТОЦИТЕ** утврдени со Записникот за извршен вонреден инспекциски надзор ИП1бр. 64 – 152 од 15.06.2023 год. и тоа:
   Градби од член 73 од Законот за градење – ограда, настрешници и помошни објекти за санитарна употреба, што се изведени односно поставени на ул. „1732„ бр. 6б КП6р. 490/2 КО Карпош парцела во сопственост на Република Северна Македонија и вкупна површина од 24.813,00 $m^2$
   Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова Решение, изнесува 3 **(ТРИ) ДЕНА** од денот на приемот на истото.
2. Инвеститорот на инспекцискиот надзор од точка 1 на ова Решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести испекторот дали е извршена инспекциската мерка.
3. Трошоците за извршување на Решението се надоместуваат од извршеникот.
4. Жалбата против ова Решение не го одлага извршувањето на истото.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Сектор инспекторат на Општина Карпош, врз основа на член 128, член 131 и член 132 од Законот за градење („Службен весник на РМ " бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 18/20 и 279/.20) и член 82 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РМ" бр. 102/2019), преку општински градежен инспектор Душко Андонов, со службена легитимација број 79–0003, изврши вонреден инспекциски надзор кај инвеститорот НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИОР и состави Записник за извршен вонреден инспекциски надзор со ИП1бр. 64 – 152 од 15.06.2023 година, во која констатира :

НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИОР има изведено градби од член 73 од Законот за градење – ограда,

настрешници и помошни објекти за санитарна употреба, што се изведени односно поставени на ул. „1732„ бр. 66 КПбр. 490/2 КО Карпош парцела во сопственост на Република Северна Македонија и вкупна површина од 24.813,00 $m^2$ и истите ги има поставено без градежно-техничка документација, односно без Решение за изведување.

Жалбата против ова Решение не го одлага неговото извршување, согласно член 137 став 5 од Законот за градење.

**Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**ПРАВНА ПОУКА :** Против ова Решение незадоволната странка може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението преку првостепениот орган до државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка. Жалбата се таксира со 250.00 денари административна такса и се поднесува во три примероци.

Решено во Општина Карпош под ИПбр. 64 – 152 од 15.06.2023 год.

ОПШТИНСКИ ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР

Душко Андонов, дги.
службена легитимација број 79–0003